ЗДРУЖЕНИЕ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ
РЕВИЗОР И ФИНАНИСКИ ИЗВЕШТАИ
ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, мај 2022 година

С О Д Р Ж И Н А

	Страна број
ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР	**1-2**
ГОДИШНА СМЕТКА	
БИЛАНС НА СОСТОЈБА СОСТОЈБА (Образец 1);…….....	**3**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ (Образец 2)……	**4**
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА.....	**5**
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК.....	**6**
СОДРЖИНА НА БЕЛЕШКИТЕ.....	
БЕЛЕШКИ КОН ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2021 година	**7-29**

ПРИЛОГ: БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2021
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ 31.12.2021
ТЕКОВНА СОСТОЈБА ЗА СУБЈЕКТОТ
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

ТП КМ ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
С Т Р У М И Ц А

Ул. Климент Охридски бр.124-Струмица
Сметка 210075460410158 НЛБ АД Скопје
ЕДБ:5027021507850 Тел.070 447 460
e-mail:kmrevizija@mail.com

Извештај на независниот ревизор

ДО СОБРАНИЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението Олимписки Комитет на Република Северна Македонија Скопје, кои се состојат од Извештај за финансиска состојба (Биланс на состојбата) заклучно со 31 декември 2021 година, Биланс на приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Здружението, е одговорно за подготвувањето и објективно презентирање на овие финансиски извештаи (годишната сметка) во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

ДО СОБРАНИЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА С. М. СКОПЈЕ

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Здружението Олимписки Комитет на Република Северна Македонија Скопје, на 31 декември 2021 година, како и резултатите од работењето за приходите и расходите за годината која што завршува тогаш, даваат вистинска и објективна слика, во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија и со другите законски барања и прописи.

Извештај за други правни и регулативни барања

Мислење за усогласеноста со годишниот извештај. Годишниот извештај за работа е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и како и со ревидираните финансиски извештаи на Здружението Олимписки Комитет на Република Северна Македонија Скопје, кои се состојат од Билансост на состојбата и Приходите и расходите за годината која завршува на 31 декември 2021 година во согласност со Законските прописи во Република Северна Македонија Скопје.

Струмица, 05.05.2022 година **ТП КМ ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ СТРУМИЦА**

Овластен ревизор

Трговец поединец за ревизорски работи и даночно советување Димитар Матрија ТП КМ РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ Струмица

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

за годината која завршува на 31 декември 2021

во илјади денари

	Белешка	2021	2020
Приходи од продажба	7	7.536	
Приходи од членарини, подароци,услуги и други приходи	8	32.448	38.099
Вкупно приходи од работењето		**39.984**	**38.099**
Набавна вредност на продадените стоки и материјали	9	-	-
Трошоци за суровини и други материјали и енергија	10	(2.995)	(17.482)
Други услуги	11	(10.184)	(4.948)
Трошоци за вработените плати и надоместоци	12	(13.855)	(5.447)
Трошоци за амортизација и резервирања	13	(502)	-
Останати расходи од работењето	14	(2.910)	(38)
Вкупно оперативни расходи		**(30.446)**	**(27.915)**
Добивка / (Загуба) од оперативно работење		**9.538**	**10.184**
Финансиски приходи	15	65	885
Финансиски расходи донации за спортисти	16	(9.510)	-
Добивка / (Загуба) пред оданочување		**94**	**11.069**
Данок од добивка	17	(65)	
Нето добивка / (загуба) за периодот		**29**	**11.069**
Остатана сеопфатна добивка / (загуба) за периодот		-	-
Вкупна сеопфатна добивка / (загуба) за периодот		**29**	**11.069**

Финансиските извештаи се усвоени од страна на Управниот одбор на ден 28.02.2022 година

Белешките се составен дел на финансиските извештаи

Овластен сметководител, Управител,

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)
на ден 31 декември 2021 година

во илјади денари

	Белешка	2021	2020
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства		40	40
Материјални средства	18	14.949	8.764
Вложувања во недвижности		(1.190)	(689)
Долгорочни финансиски средства	19	-	-
Долгорочни побарувања		-	-
Одложени даночни средства		-	-
Вкупно нетековни средства		**13.799**	**8.115**
Тековни средства			
Парични средства и хартии од вредност	20	7.443	12.951
Побарувања од купувачи	21	3.151	-
Останати краткорочни побарувања	22	116	-
Други краткорочни побарувања	23	243	78
Платени трошоци за идните периоди		-	-
Залихи	24	-	-
Вкупно тековни средства		**10.953**	**13.029**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**24.752**	**21.144**
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Капитал и резерви			
Деловен фонд	25	(7.616)	(7.616)
Ревалоризациона резерва		-	-
Дел од вишокот приходи пренесен во наредната година		-	
Акумулирана добивка/(загуба)		(11.219)	
Пренесена загуба		-	-
Добивка/(загуба) за годината			
Вкупно капитал и резерви		**(18.835)**	**(7.616)**
Долгорочни обврски			
Долгорочни резервирања		-	-
Долгорочни кредити	26	-	-
Вкупно долгорочни обврски		**-**	**-**
Краткорочни обврски			
Обврски спрема добавувачите	27	(5.263)	-
Останати краткорочни обврски	28	(654)	(509)
Краткорочни финансиски обврски		-	(1.800)
Одложени плаќања на трошоци во идни периоди		-	(11.219)
Вкупно краткорочни обврски		**(5.917)**	**(13.528)**
ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ		**(24.752)**	**(21.144)**

Финансиските извештаи се усвоени од страна на Управниот одбор на ден 28.02.2022 година

Белешките се составен дел на финансиските извештаи

Овластен сметководител, Управител,

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА)

за годината која завршува на 31 декември 2021

2021

во илјади денари

	Деловен фонд	Ревалори-зациони резерви	Законски резерви	Останати резерви	Акумулирана (Нетаспределена) добивка	Пренесена загуба	Добивка / (загуба) за тековната година	ВКУПНО
Состојба на 01 јануари 2021	**(7.617)**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(7.617)**
Зголемување на основната главнина					-	-	-	**-**
Добивка / (Загуба) за годината	-	-	-		(11.218)	-	-	**(11.218)**
Пренос на финансискиот резултат за годината	-	-	-		-	-	-	**-**
Исплатени дивиденди	-	-	-		-	-	-	**-**
Промена на сметководствени политики	-	-	-		-	-	-	**-**
Пренос на резерви од реинвестирана добивка	-	-	-		-	-	-	**-**
Останати промени на капиталот и резервите	-		-			-	-	**-**
Состојба на 31 декември 2021	**(7.617)**	**-**	**-**	**-**	**(11.218)**	**-**	**-**	**(18.835)**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

за годината која завршува на 31 декември 2021

во илјади денари

Опис	2021	2020
А. Готовински текови од оперативно работење		
Нето добивка (загуба)	**28**	**11.069**
Усогласување за:		
Амортизација	502	-
Готовински текови од работење	**530**	**11.069**
Побарувања од купувачи	(3.151)	-
Останати краткорочни побарувања	(116)	-
Други краткорочни побарувања	(165)	(78)
Платени трошоци за идните периоди	-	-
Залихи	-	-
Обврски спрема добавувачите	(5.263)	-
Останати краткорочни обврски	(144)	509
Краткорочни финансиски обврски	1.800	1.800
Одложени плаќања на трошоци во идни периоди	11.219	11.219
Нето готовински текови од оперативно работење	**4.180**	**13.450**
Б. Готовински текови од инвестиционо работење		
Нематеријални средства		
Материјални средства	6.185	(43)
Вложувања во недвижности	(501)	-
Долгорочни финансиски средства	(1.133)	-
Долгорочни побарувања	-	-
Одложени даночни средства	-	-
Нето готовински текови од инвестиционо работење	**4.551**	**(43)**
В. Готовински текови од финансиско работење		
Главнина и резерви		-
Долгорочни резервирања	-	-
Долгорочни кредити	(145)	-
Капитал и резерви	(3.608)	
Нето готовински текови од финансиско работење	**(3.753)**	**-**
НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА ПАРИЧНИ	**5.508**	**24.476**
Парични средства на почеток на годината	**12.951**	**11.125**
Парични средства на крајот на годината	**7.443**	**12.951**
	-	

Белешките се составен дел на финансиските извештаи

Овластен сметководител, Управител,

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

НА

ЗДРУЖЕНИЕ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Скопје, март 2022 година

БЕЛЕШКИ КОН ПОЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 31.12.2021 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Назив на друштвото, форма на трговско друштво: ЗДРУЖЕНИЕ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број на регистарска влошка во Трговскиот регистар; 4364180
Промени во регистарската влошка во Трговскиот регистар до периодот на известување; НЕМА
Позначајни дејности кои ги извршува; 93.19 Останати спортски дејности
Идентификација на поврзани субјекти (назив и процентуално учество) нема;

Број на вработени	2020	2021
	6	15

2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Изјава за усогласеност (врз основа на кои стандарди е подготвена годишната сметка); МСФИ за мали и средни субјекти
Информација дали годишна сметка е поединечна или консолидирана; ПОЕДИНЕЧНА
Валута на презентација. МКД

3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Краток опис на позначајните сметководствени политики кои се применети во двата пресметковни периода во годишната сметка:
(За приходите, расходите, нематеријалните средства, материјалните средства, побарувањата и обврските и друго).

4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ

Применети методи на значајни проценки кои се применети (за нематеријални и материјални средства, приходи, расходи и друго).

5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИЈА НА ГРЕШКИ

Опис на промената или корекцијата (врз основа на кој стандард или друга законска регулатива е настаната промената) за кои позиции на годишната сметка се однесуваат и квантифицирани ефекти од извршената промена или корекција. Во 2019 не се вршени.

6. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Опис на ризикот (кредитен ризик, пазарен ризик, ризик на ликвидност) и користени методи за мерење на ризикот и квантифицирани информации за ризикот.

БЕЛЕШКИ КОН ПОЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 31.12.2021 година

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

ЗДРУЖЕНИЕТО ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје, со седиште Булевар Кузман Јосифовски – Питу бр.17 Скопје – Центар е формирано на ден 29.04.1992 година со

ЕДБ на друштвото е : 4030992168006
ЕМБС на друштвото е: 4364180
Платниот промет се одвива преку следниже трансакциски сметки:
Денарски сметки: Стопанска Банка АД Скопје, Комерцијална Банка АД Скопје

СОПСТВЕНИЦИ

ЗАБЕЛЕШКА: ВИД НА СОПСТВЕНОСТ НЕДЕФИНИРАНА ВО ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ опишани се целите.

ДЕЈНОСТИ	**93.19 Останати спорски дејности**

Овластувања	Овластени лица
Име и презиме:	ДАНИЕЛ ДИМЕВСКИ
Адреса	КНЕЗ ХАЦОН бр.2 СКОПЈЕ - КАРПОШ
Овластувања:	**Претседател**

УПРАВЕН О Д Б О Р

Членови ма Управен одбор

ЕМБГ	
Име и презиме	
Адреса:	
Овластувања:	

.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАИЦИИ

КОНТАКТ	
E-mail:	mok@mok.org.mk

2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Здружението се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со одредбите од член 469 став (2) (Обврска за водење сметководство) 472 (Водење трговски книги) од Законот за трговски друштва на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2007, ... и 120/2018), како обврска да води сметководство

на начинот определен со овој закон и со прописите за сметководство, Меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти ажурирани на годишна основа и така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.

Здружението ги применува сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои се објавени во Службен весник на РМ.

Здружението го применува членот 482 од истиот закон: Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на РМ согласно Правилникот за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма („Сл. Весник на РМ“ бр. 7/13), и Правилникот за водење на сметководство ("Службен весник на РМ" 159/09 и 164/2010).

Годишната сметка, финансиските извештаи и објаснувачките белешки се прикажани во македонски денар (МКД). Функционалната валута на Друштвото претставува валутата на примарното економско опкружување во кое работи Друштвото и е македонскиот денар. Известувачката валута во која се прикажани годишната сметка и објаснувачките белешки е македонскиот денар (МКД).

Годишната сметка – финансиските извештаи на Здружението е изготвена на база на историска набавна вредност. кои вклучуваат:

- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (Образец 1);**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (Образец 2);**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА;**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ;**
- Применетите сметководствени политики и
- Други објаснувачки белешки, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија.

Раководството ги изготвува Годишна сметката – финансиски извештаи и објаснувачките белешки врз основа на принципот на континуитет, земајќи ги во предвид тековните намери, веројатноста од продолжување со работењето и достапноста до финансиски извори на средства.

Годишниот Извештај за работењето на друштвото согласно Член 384 од Законот за трговски друштва, Извршниот член на Одбор на директори го изготвува извештајот за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година, кога поднесува и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

2.1. Основа за подготовка и чување на сметководствената евиденција

Здружението ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите законски финансиски извештаи во согласност се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со одредбите од член 469 став 1, 472 од Законот за трговски друштва на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2007, ...120/2018), со фискалната и законска регулатива во Република С. Македонија како обврска да води сметководство на начинот определен со овој закон и со прописите за сметководство, Меѓународните стандарди за финансиско известување, 471, 472, чување на финансиските извештаи од член 474 од Законот за трговски друштва.

БЕЛЕШКИ КОН ПОЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 31.12.2021 година

Подготовката на Годишната сметка – финансиските извештаи и објаснувачките белешки во согласност со прифатените Меѓународните стандарди за финансиско известување во Република Македонија, бара користење на определени критични сметководствени проценки кои се базирани на најдобрите познавања на раководството на тековните настани и акции. Областите коишто бараат повисоко ниво на расудување и сложеност, или области каде што претпоставките и проценките се значајни за Годишната сметка се објавени во Белешка 4.

Основните сметководствени политики применети при составување на финансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст. Овие политики постојано се применувани на сите прикажани години, освен ако не е наведено поинаку.

Странски валути

а) Функционална и известувачка валута

Ставките вклучени во Годишната сметка финансиските извештаи и објаснувачките белешки на друштвото се мерени користејќи ја валутата на основната економска средина во којашто работи друштвото ("функционална валута„).

Годишната сметка и објаснувачките белешки се претставени во македонски денари ("МКД"), којашто е функционална и известувачка валута на друштвото.

б) Трансакции во странска валута

Деловните трансакции искажани во странска валута се искажани во функционалната валута, Македонски денари (МКД), со примена на официјалниот среден девизен курс на денот на трансакцијата. Побарувањата и обврските во странска валута се искажани во денари по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период и за истите постои аналитика во странска валута. Добивките и загубите кои произлегуваат од подмирувањето на такви трансакции и од искажувањето на монетарните средства и обврски назначени во странски валути според курсот на датумот на известување се вклучени во билансот на успех.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по историска вредност, назначени во странска валута, се курсираат користејќи го девизниот курс на денот на трансакцијата.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по објективна вредност, деноминирана во странска валута, се курсираат користејќи ги девизните курсеви на датумот кога е определена објективната вредност.
Странските валути со кои работи друштвото воглавно се еврото (ЕУР.

Девизните **курсеви** кои се користат за искажување на 31 декември се следниве:

	31 декември 2021 МКД	31 декември 2020 МКД
CHF	57.0065	56,8242
GBP	68,4966	68,3136
ЕУР	61.5784	61.6940
УСД	50,1821	50,2353

Ставките вклучени во Годишната сметка и објаснувачките белешки на друштвото се мерени користејќи ја валутата на основната економска средина во којашто работи друштвото ("функционална валута„).

3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА

Нематеријалните средства ги опфаќаат патентите и лиценците, заштитните знаци и имиња, договори за франшиза, авторски права, издатоци за развој, компјутерски софтвер, маркетиншки права и гудвил (godwill).

Нематеријалното средство ќе се признае само ако е веројатно дека идните економски користи, кои му се припишуваат на средството, ќе претставуваат прилив кон друштвото и ако трошоците на средството можат веродостојно да се измерат.
Ако некое нематеријално средство не ги исполнува критериумите за признавање, настанатиот издаток треба да се признае како расход во моментот на неговото настанување (трошоци за развој).

Основа за вреднување на нематеријалните средства е:
1) начинот на нивното стекнување;
2) очекуваниот период на добивање на економска корист и
3) можноста да се продадат.
Нематеријалното средство почетно се мери според набавната вредност.

Во набавната вредност се вклучуваат сите трошоци за набавка и сите останати трошоци неопходни нематеријалното средство да се стави во функција.

Нематеријално средство е средство што може да се идентификува и истото не поседува физичка субстанца (МСС 38.8).

3.2. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА - НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА (НПО)

Материјалните средства се признаваат по трошокот на набавка, под услов, истиот да може сигурно да се измери.
Трошокот на набавка, односно набавната вредност на материјалното средство (цена на чинење), кој се распоредува за време на корисниот век на употреба, е износот на платени парични средства или еквиваленти на парични средства, или објективната вредност на друг надомест даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба.
Трошоците за редовно одржување и поправки се евидентираат на товар на трошоците за одржување и заштита во моментот на нивно настанување.
Издатоците за реконструкција, адаптација или друго вложување со кои се зголемува корисниот век на употреба или капацитетот се капитализираат со нивното настанување.
Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се проверуваат, и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на Извештај за финансиската состојба. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.
Приходите или расходите поврзани со оттуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога настануваат.
Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите и опремата се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок.

Зголемувањето на евидентираната вредност на недвижностите поради ревалоризацијата е признаено во корист на ревалоризационите резерви во рамките на капиталот. Кога ревалоризираните средства се расходуваат или продаваат, соодветниот дел од ревалоризационите резерви се пренесува во корист на добивките за тековниот период.

Инвестициите во тек се евидентираат по набавна вредност на датумот на набавка, односно врз основа на времените ситуации добиени од изведувачите.
На средствата евидентирани на сметката на инвестиции во тек, до моментот на нивно ставање во употреба, не им се пресметува амортизација.

Вредноста на инвестиционите вложувања ја зголемува набавната вредност и на овој начин зголемената основица подлежи на амортизација.

Цената на производство се утврдува согласно МСС 2 – Залихи.

Векот на употреба на средството е периодот во кој се очекува дека друштвото ќе го користи средството.
Векот на употреба на средството може да се процени и врз основа на бројот на производи или слични единици за кои се очекува дека друштвото ќе ги оствари од тоа средство – функционален метод.
Векот на употреба на материјалните средства образложен во точка ***3.2. Депрецијација како и основицата и стапките на амортизацијата.***

Основица за пресметка на амортизација е набавната вредност на средството. Ако реално може да се процени остатокот на вредноста, за овој износ се намалува основицата за амортизација.
Амортизацијата на материјалните средства се пресметува со праволиниска метода во периодите на векот на употреба согласно точка 3.2.

Стапките за амортизација секој субјект може да ги донесе самостојно во зависност од корисниот век на употреба на средствата согласно МСС 16 и МСС 38.

Амортизацијата се пресметува од првиот ден на нивната набавка веднаш кога тие средства почнале да се користат.

Евидентираната вредност на едно средство кое се заменува се отстранува од понатамошно признавање.

Амортизација на земјиштето уметнички дела и на инвестициите во тек не се пресметува.

3.2.1. Депрецијација

Амортизацијата на средствата се пресметува правопропорционално со цел алокација на набавната вредност на имотот, зградите и опремата до нивната резидуална вредност во текот на нивниот проценет век на употреба. Изградените средства се амортизираат од моментот на нивното ставање во употреба.

Депрецијацијата на опремата и канцеларискиот мебел се врши со примена на пропорционална метода на отпишување со што набавната вредност се депрецира во тек на проценетиот корисен век на употреба.

Исправка на основните грешки ќе се врши според МСС 8, точки 34-36)
Износот на исправка на основна грешка која се однесува на претходни периоди треба да биде известен преку корегирање на почетно салдо на задржаната добивка. Споредбените

информации треба да бидат повторно искажани, освен доколку не е можно да се направи тоа. (алтернатива): според МСС 8 точки 38-40).

Износот на исправката на основна грешка треба да биде вклучен во утврдувањето на нето добивката или загубата за тековниот период. Споредбените информации треба да бидат презентирани како да се известени во финансиските извештаи за претходниот период треба да бидат презентирани дополнителни проформа информации, подготвени во согласност со точка 6, освен кога не е можно да се направи тоа.

Депрецијацијата средствата, опремата и канцеларискиот мебел се врши со примена на пропорционална метода на отпишување со што набавната вредност се депрецира во тек на проценетиот корисен век на употреба.

Проценетиот век на употреба и стапките на депрецијација за поголемите класи недвижности, опрема и канцелариски мебел се наведени подолу:

Назив на средството	Корисен век	Процент на амортиз.
Недвижности	10 до 40 години	2,5 до 10 %
Опрема	10 до 20 години	5 % до 10 %
Алат, погонски и канцелариски материјал	4 до 5 години	20 % до 25 %
Компјутерска опрема и софтвер	4 години	25 %
Телекомуникациска опрема и возила	4 до 5 години	20 % до 25 %
Нематеријални средства	10 до 20 години	5 % до 10 %

Резидуалните вредности како и векот на употреба на средствата се проверуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на Извештајот за финансиска состојба. Евидентираната вредност на средствата се намалува веднаш до нивната надоместлива вредност во случај кога евидентираната вредност ја надминува надоместливата вредност.

3.3. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ЗА ЗАПИШАН, А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ

Побарувањата за запишан, а неуплатен капитал ќе се искажуваат по номинална вредност на запишаниот капитал, согласно актите на друштвото (сукцесивна уплата на запишаниот капитал).
Капиталот кој нема да биде уплатен, согласно роковите и условите пропишани со актите ќе биде поништен.

3.4. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕНА ДОЛГОРОЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Вложувањата во акции или удели се искажуваат според трошокот на стекнување, без трошоците на камати ако се купени на кредит. Акциите и уделите се водат според методот на трошокот на вложување.
Останатите долгорочни финансиски вложувања се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договор.
Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност.
Сопствените (трезорски) акции, односно откупениот сопствен удел, ќе се водат како намалување на запишаниот и уплатен капитал, според трошокот на стекнување – истовремено или во рок од две години. Уделот на сопствените акции, односно удели, може да биде до 10% од основниот капитал.

Исправката (вредносното усогласување) на вложувањата, се спроведува во периодот на сознавањето на неможноста за наплата на дел или на вкупното побарување на товар на расходите на периодот.

Отписот на побарувањата по основ на вложувања се спроведува само во случај кога за тоа ќе донесе одлука соодветниот орган на друштвото.

3.5. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ

Залихите на материјали и резервни делови се водат по методата на просечно набавени цени. Во извештајот за финансиската состојба, залихите се искажуваат по пониска набавна или нето реализациона вредност.
Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува на товар на расходите во тој период.
Набавната вредност на трговските стоки ги содржи фактурната вредност, цариниte, даноците, трошоците за транспорт, осигурување и други зависни трошоци кои се однесуваат на набавката.
Попустите и рабатите не се вклучени во набавната вредност. Нето очекуваната продажна вредност е предвидената продажна цена во нормален тек на работење, намалена за продажните трошоци.
Ситниот инвентар се отпишува во целост при издавањето во употреба.
Суровините, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажа и автомобилските гуми се евидентираат според трошоците на набавката, а пресметката на потрошокот со примена на методот ФИФО.
Алтернатива: Залихите на материјали, суровини и резервни делови се искажуваат по стварни цени, а пресметката на трошоците се врши со примена на просечни пондерирани цени по поодделни видови на залихи. Просечните пондерирани цени се пресметуваат при секој влез на стоки во складот, врз основа на утврдените количини и вредности после влезот на нови залихи.

3.6. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од подружници и други претпријатија, побарувањата од купувачите, побарувањата за повеќе исплатени износи од добивката, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите, намалени за рабати и попусти во цената, согласно склучениот договор, односно одлуката за исплата.
Побарувањата од купувачите се искажуваат според нивната објективна вредност, намалена за попустите и исправката на вредност. Исправката на вредност на побарувањата од купувачите, се прави кога постојат показатели дека побарувањата не можат да се наплатат. Отписот на побарувањата по пат на исправка на вредноста се врши на товар на расходите за периодот.

3.7. НАДОМЕСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Придонеси за задолжително социјално осигурување - пензиско осигурување

Здружението има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Обврски при пензионирање на вработените

Здружението, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален

износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

3.8. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Вложувањата во хартии од вредност се искажуваат според методот на трошоците на вложување.

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договор.
Пресметаните камати се признаваат во тековни приходи.
Останатите краткорочни вложувања се искажуваат по набавна вредност.

3.9. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА (ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ)

Парите на сметките во денари кај деловните банки, се водат во номинални износи, според доставениот извод за состојбата на прометот на соодветните сметки.

Парите во благајна во денари, се искажуваат по номинална вредност.
Девизите на сметките во банката и благајната се искажуваат по среден курс на Народна банка на Република Македонија, на денот на билансирањето.

Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (благајната) и на крајот на месецот.
За целите на составување на Извештајот за парични текови:
Со парични средства и парични еквиваленти, се евидентираат паричните средства во благајната, на сметките кај деловните банки, депозитите по видување, благородните метали и предметите од благородни метали и краткорочните и високо ликвидни вложувања со рок на доспеаност до три месеци или помалку, од датумот на стекнување и се со безначаен ризик од намалување на вредност.

3.10. ПОЛИТИКА НА ИСКАЖУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Данокот на добивка се утврдува и се плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот претставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Извештајот за сеопфатна добивка.

3.11. ПОЛИТИКА ЗА АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат.
Причината за разграничувањето, како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период, а немаат елементи за да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања.
Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнуваат побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата.

Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

3.12. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАПИШАНИОТ КАПИТАЛ

Капиталот ја претставува номиналната вредност на вложените средства.
Запишаниот (основен) капитал се искажува на посебна сметка во износ кој е запишан во трговскиот регистар при основањето, односно промената на уписот на вредноста на капиталот.

ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ	Белешка	2021 год.		2020 год.
Капитал и резерви				
Деловен фонд	25	(7.616)		(7.616)
Реваloризациона резерва		-		-
Дел од вишокот приходи пренесен во наредната година		-		
Акумулирана добивка/(загуба)		(11.219)		
Пренесена загуба		-		-
Добивка/(загуба) за годината				
Вкупно капитал и резерви		**(18.835)**		**(7.616)**

3.13. ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИТЕ АКЦИИ

Износите искажани како премии на емитираните удели ја сочинуваат разликата помеѓу номиналната вредност на уделите и износите по кои се продадени и се признаваат како тековен приход.

3.14. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА (РЕВАЛОРИЗАЦИОНЕН ВИШОК)

Реваloризациона резерва (реваloризационен вишок) произлегува од објективното вреднување на нетековните средства по нивното почетно признавање според набавната вредност. (Здружението ако не применува мерење на нетековните средства според објективната вредност нема да има ставка во Извештајот за фианнсиска состојба, насловена на реваloризационен вишок).
Реваloризациониот вишок ги покрива загубите кои произлегуваат од нетековните средства. Остатокот по ова покривање ќе се пренесе во задржана добивка.

3.15. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕЗЕРВИТЕ

Резервите се искажуваат по номинална вредност со издвојување од нето добивката и тоа посебно за законските резерви, посебно за статутарните резерви и за останатите резерви.

Резервите се состојат од законски резерви, создадени во текот на периодите врз основа на распределбата на акумулирани добивки во согласност со законската регулатива и одлуките на Друштвото.
Согласно законската обврска за задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд кој се формира по пат на зафаќање на нето добивката по стапка од 5 % се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој е еднаков на една десетина (10%) од основната главнина.

3.16. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАДРЖАНАТА (АКУМУЛИРАНА) ДОБИВКА / ЗАГУБА

Акумулираните добивки / (загуби) ги вклучуваат тековните, како и оние од претходните периоди, задржани добивки и загуби.

Во деловните книги посебно се искажува задржаната (нераспоредена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.
Искажаната загуба од работењето може да се покрие со задржаната добивка само по одлука на управата, а во согласност со Законот за трговските друштва.

Авансот на добивка може да се исплатува ако меѓу пресметковниот период искажува добивка и ако не постои пренесена загуба.

3.17. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Добивката или загубата во тековната година во Извештајот се искажува по одаточувањето како добивка (нето добивка) за распределба, односно загуба од работењето во тековната година.

3.18. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските спрема поврзаните претпријатија, обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, обврските спрема добавувачите и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност, зголемена за достасаните камати според склучениот договор.
Овие обврски се класифицираат како долгорочни доколку на датумот на Извештајот на состојба, рокот на доспевање им е над 12 месеци.
Долгорочните резервирања се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции, оштети и отпремнини.

Обврските искажани во девизи се пресметуваат по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето, но и на крајот на секој месец во случај на отплата на долгови.

3.19. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ ОБВРСКИ

Обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци, придонеси и други давачки, обврските врз основа на удел во резултатот и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис, односно одлука на надлежниот орган.

3.20. ПОЛИТИКА ЗА ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период.

3.21. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест или побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.
Приходите од продажба на добра се признаваат ако:
- на купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите;
- друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;

Бел/Ска	Опис на конто	31.12.2021	31.12.2020
7	**Приходи од продажба**		

во илјади денари

		2021	2020
740	Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата	7.536	-
	Вкупно	**7.536**	**-**

3.22. ПОЛИТИКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ

Расходите се признаваат согласно точка 78 до 80 и 94 до 98 од Рамката за составување и презентирање на финансиските извештаи (МСФИ).
Во политиката за признавање расходи, Здружението се придржува до следните критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;
- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапката на разумна алокација на пресметковни периоди;

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи.

	10 Трошоци за суровини и други материјали и енергија		

во илјади денари

		2021	2020
400	Трошоци за суровини и материјали (за производство)	514	21
401	Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба)	-	129
403	Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба)	2.481	742
405	Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управ	-	13.736
408	Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и пр	-	2.854
	Вкупно	**2.995**	**17.482**

	11 Други услуги		

во илјади денари

		2021	2020
410	Транспортни услуги	355	9
413	Услуги за одржување и заштита	-	64
414	Наем лизинг	4.041	912
415	Трошоци за пропаганда и реклама	37	-
416	Трошоци за истражување и развој	-	236
418	Останати услуги	5.751	3.727
	Вкупно	**10.184**	**4.948**

12 Трошоци за вработените плати и надоместоци

во илјади денари

		2021	2020
420	Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство)	7.117	-
422	Останати трошоци на вработените	-	1.752
423	Нето плати и даноци и придонеси	-	3.141
440	Дневници за службени патувања, ноќевање и патни трошоци	6.186	-
441	Надомест на трошоците на вработените и подароци	552	554
	Вкупно	**13.855**	**5.447**

13 Трошоци за амортизација и резервирања

во илјади денари

		2021	2020
430	Трошоци за амортизација (за производство)	502	-
	Вкупно	**502**	**-**

14 Останати расходи од работењето

во илјади денари

		2021	2020
442	Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО, одбор на директори	590	-
443	Трошоци за осигурување	936	38
445	Даноци кои не зависат од резултатот, членарина и други	595	-
447	Банкарски услуги и трошоци за платниот промет	44	-
449	Останати трошоци на работењето	465	-
	Вкупно	**2.751**	**38**

3.23. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект.

3.24. ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО СЕГМЕНТИ

